# Повик до млади иноватори да осмислат решенија за #КрајНаНасилството врз децата и меѓу децата

Низ светот околу 1 милијарда деца се соочуваат со некоја форма на насилство. Половина од тинејџерите во светот се соочуваат со врсничко насилство во и околу училиштето. Нашата земја не е поразлична, и тука речиси половина од децата на возраст од 2-14 години доживуваат физичко казнување во домот.

8 од 10 родители известуваат за користење насилни методи (психолошко или физичко казнување) како начин на воспитување.

Насилство меѓу врсници исто така се случува секој ден. Насилничкото однесување се случува и на интернет, каде сторителите останууваат анонимни, но последиците се катастрофални.

Ниедно дете не треба да расте со страв. Стравот ги ограничува генерациите да веруваат во себе, да градат здрави односи, и да го реализираат нивниот потенцијал.

За таа цел ве покануваме да се пријавите за Generation Unlimited - Младинскиот предизвик најдоцна до 29.10.2018 на следниот апликационен формулар: goo.gl/CWnPbY

**Тема:**
Како може да го прекинеме насилството врз и помеѓу децата (#ENDViolence)?

**Специфични предизвици:**
* Како може да креираме систем за поддршка, платформа или да ги поврземе ги поврземе инспиративните личности од нашето опкружување, со цел жртвите да можат полесно да пријавуваат и бараат помош од професионалците и врсниците?
* Како може да го намалиме булингот, булингот преку интернет и насилството помеѓу младите луѓе во и околу школите вклучувајќи ги и јавните површини и јавниот транспорт?
* Како да ја промениме перцепцијата и однесувањето помеѓу повозрасните за позначајно вклучување на адолесцентите и младите луѓе во нивните заедници?

**Кој може да аплицира?**

- Тим од 3 -5 млади луѓе кои се на возраст 14-24 години
- Имаат или започнуваат да работат на нова идеја или проект.

**Што бараме?**

- Идеи кои имаат потенцијал да бидат одржливи (наместо еднократни кампањи или активности)
- Идеи кои се успешни или може да бидат успешни во локални заедници
- Идеи кои може да бидат реплицирани или скалирани во други земји

***Искористете ја шансата да преземете акција!***

**Временска рамка:**
* Повикот беше објавен на 24ти Септември во Генералното Собрание на ОН
* Рок за аплицирање 29.10.2018
*** Информативна сесија - 10.10.2018**
* Пред-работилници - 05.11.2018 и 09.11.2018
* 3 дневна работилница за ко-креирање (Bootcamp) - 16, 17 и 18.11.2018
* Менторски сесии ќе се одржат во период од 25.11 до 15.02.2018
* Глобален натпревар - Февруари 2019
* Најдобрите тимови на глобално ниво ќе бидат објавени во Април 2019

**ЗА GENERATION UNLIMITED:**

Generation Unlimited (GU) глобално партнерство чија цел е да обезбеди дека секој млад човек е во образование, учење, тренинг или вработување до 2030.

**ЗА МЛАДИНСКИОТ ПРЕДИЗВИК GENERATION UNLIMITED:**

Младинскиот предизвик има за цел да ја ослободи креативноста и идеите на младите луѓе низ светот. Станува збор за инклузивен дизајнерски процес кој ве повикува вас младите активно да се вклучите како “решавачи” и да дизајнирате решенија за да го прекинеме насилството врз и помеѓу децата (#ENDViolence).

Ова е првиот Младински Предизвик кој ќе се одвива во 16 земји низ светот. Најдобрите или најветувачките решенија од секоја земја ќе добијат финансирање и менторство, а топ 5те решенија на глобално ниво ќе добијат дополнително финансирање и специфично дизајнирана поддршка од партнерите на Generation Unlimited

**Повеќе информации може да прочитате на: *genunlimited.mk***